Република Македонија
Општина Новаци
Бр. 03-432/2
10.05.2019 год
Новаци

**ОПШТИНА НОВАЦИ, 7211 Новаци, Република Македонија**
**tel/fah 047-203-060; tel:. 047-282-900; e-mail- novacio@mt.net.mk**

Врз основа на член 42-а од Статутарната Одлука за измена на Статутот на општина Новаци ("Службен Гласник на општина Новаци" бр.14/2014), и член 3 од Одлуката за основање на Совет на млади на општина Новаци ("Службен Гласник на општина Новаци" бр.14/2014), Општина Новаци објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

Се известуваат сите заинтересирани млади лица, невладини организации, здруженија на млади, ученички совети, студентски совети и регистрирани облици на организирање на младите кои сакаат активно да даваат предлози, мислења, да соработуваат со Советот на Општина Новаци и активно да се вклучат во јавниот живот на Општината.

Заинтересираните лица потребно е да ги исполнуваат следните услови:

- да е на возраст од 18-30 години;
- да е жител на Општина Новаци;
- да соработува со Советот на Општина Новаци;
- да изработува извештаи до надлежните органи за проблемите со младите;
- да поседува способност да организира и заземa активно учество во работилници, предавања, трибини, кампањи и манифестации во врска со младинските прашања;
- да ја поттикнува меѓусебната општинска соработка;

При предлагањето на кандидатите се поднесуваат следните документи:

- барање
- копија од Извод на родени
- копија од Лична карта

Рокот за поднесување на потребната документација за кандидати за членови на Советот на млади на општина Новаци е 7 (седум) дена од објавувањето на овој јавен повик.

НАПОМЕНА: Јавниот повик се однесува на сите заинтересирани млади лица, здруженија на млади, ученички совети, студентски совети и регистрирани облици на организирање на младите а се со седиште и место на живеење на територија на Општина Новаци.

Комисија за мандатни прашања избори и именување.

Изработил: Ристе Момоковски
Одобрил: Стевче Ангелевски

Општина Новаци
Градоначалник

Љубе Кузманоски